Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

КСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-79/1
14.01.26 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-584/1 од 23.07.2025 година поднесена од --- од ---, со адреса на живеење на --- во ---, за дискриминација сторена од страна на ---, со седиште на --- во ---, врз основа на пол во областа на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, врз основа на член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација ("Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 258/2020), го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз лицето --- од --- врз основа на пол во областа на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, сторена од страна на ---.

**НЕ СЕ УТВРДУВА ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** кон осигурениците мажи која би произлегла од одредбите на Закон за пензиското и инвалидско осигурување врз основа на пол во областа на работата и работните односи и областа на социјалната сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, а поради различните проценти за пресметка на пензија помеѓу мажите и жените.

## Образложение

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ( во понатамошниот текст: **"Комисијата"**) беше поднесена претставка бр. 08-584/1 од 23.07.2025 година, од страна на --- од ---, за дискриминација извршена од страна на --- (во понатамошниот текст: ---), а врз основа на пол во областа на социјална сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита.

Во претставката подносителот наведува дека согласно Уставот на државата сите граѓани се рамноправни, посочувајќи ги член 9 и член 110 од истиот. Воедно го цитира член 34, став 1 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување со кој е уредено дека старосната пензија за осигурениците од член 118 од наведениот закон се утврдува од пензиската основа во проценти определени зависно од должината на пензискиот стаж која за секоја година пензиски стаж изнесува 0,75% (маж), односно 0,86% (жена), а за пензиски стаж пократок од една година, а најмалку шест месеци изнесува 0,375% (маж), односно 0,43 (жена) од пензиската основа. Подносителот го наведува и член 78 од истиот закон според кој за секоја година пензиски стаж кој што е над 25 години се додаваат дополнителни 1,08% од пензиската основа за маж, односно

1,29% од пензиската основа за жена. Според подносителот со ова во законот се вршела груба дискриминација по основ на пол, односно наоѓа дека ако осигуреникот е маж единствено заради тоа ќе зема помал износ на старосна пензија додека ако се работи за жена, осигуреничката ќе земала поголем износ на старосна пензија. Крајно наведува дека тој работел еднакво како и неговите колешки, земале иста плата и имале исти години работен стаж, но дека тој зема понизок износ на пензија, а тие поголем единствено поради тоа што се жени.

На 12.08.2025 година Комисијата за спречување и заштита од дискриминација се обрати со Барање бр. 08-584/3 до ---, заради добивање на произнесување по наводите во претставката.

На 26.08.2025 година пристигнат е Одговор бр. --- од --- година на --- во кој е наведено дека согласно Законот за пензиско и инвалидско осигурување во повеќе одредби од истиот при определување на висината на старосната пензија постоеле различни проценти, а зависно од полот на осигуреникот. Како примери се наведени членовите 34, 35, 228, членот 52, ставови 3 и 4, и членовите 78 и 87 од наведениот закон. Се посочува дека --- како орган има должност да го применува законот во целост.

По ова на 29.09.2025 година Комисијата се обрати до Министерство за ---, заради добивање на произнесување по наводите во претставката, а особено со барање за добивање на одговор на прашањето – *Која е легитимната, односно оправдана цел на законското решение со кое се предвидени различни коефициенти за должина на пензискиот стаж за работници мажи и работнички жени, а за утврдување на пензиската основа за пресметување на висината на старосната пензија*.

На 01.10.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигнат е одговор бр. --- од --- година на Министерството за ---, во кој детално е елаборирано предметното прашање.

Од страна на министерството се наведува дека согласно член 34 од законот, со кој се уредува висината на пензијата за осигурениците членови во вториот пензиски столб, старосната пензија за овие осигуреници задолжително вклучени во вториот пензиски столб се утврдувала од пензиската основица во проценти определени зависно од должината на пензискиот стаж која за секоја година пензиски стаж изнесува 1% (маж), односно 1,14% жена од пензиската основица, а за пензиски стаж пократок од една година, а најмалку шест месеци изнесува 0,5% маж односно 0,57% жена од пензиската основица. Со член 78 од истиот закон кој ја уредува висината на пензијата за осигурениците од одбраната, припадници на активниот воен и цивилен персонал, се предвидуваат различни проценти на пресметка на пензијата на оваа категорија осигуреници мажи и жени. Понатаму, се наведуваат членовите 34 и 35 од Уставот на Република Северна Македонија со кои меѓудругото е пропишано дека републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност. Овие уставни принципи го прокламираат социјалниот карактер на државата, а за видовите на правата што се стекнуваат со социјално осигурување, нивната висина, начинот на стекнување и користење

одлучувала законодавната власт која имала широк простор во уредувањето на релевантните односи од значење за остварување на социјална сигурност на граѓаните.

Се образложува дека посебната општествена положба на жената и општествена заштита на мајката и мајчинството, хуманата популациона политика од аспект на жената кон семејството и децата и посебните права и обврски што од тоа произлегуваат резултираат со постоење на посебен интерес и грижа на општествената заедница за жената со оглед на нејзините биопсихолошки својства. Поаѓајќи од овие постулати, законодавецот во рамки на неговите уставни надлежности, а со цел обезбедување на социјална праведност помеѓу мажите и жените во областа на социјалното осигурување, во духот на член 35 од Уставот на државата предвидел посебни услови во однос на остварувањето на правото на пензија за мажи и жени.

Утврдувањето на поповолни услови за остварување на старосна пензија и нејзино пресметување според наводите е во функција на остварување на еднаквост на жената и мажот, а не дека мажот се става во понеповолна положба односно дека е тој дискриминиран во однос на жената. Според ова, министерството е на став дека со оспорените одредби од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се прокламира принципот на афирмативна акција, односно принципот на позитивна дискриминација на жената, а во согласност со уставните одредби и меѓународни правни акти.

Воедно се посочува дека прашањето за различните услови за стекнување на право на старосна пензија помеѓу мажите и жените што произлегувало пак од нивната возраст веќе било предмет на оценка пред Уставниот суд на Република Северна Македонија кој по повеќе иницијативи за оцена на уставноста донел Решение У.бр. 107/2004 од 29 септември 2004 година, како и решенија У.бр. 224/2004 од 25 април 2005 година, решение У.бр. 231/2005 од 1 февруари 2006 година, решение У. Бр. 179/2005 од 16 ноември 2005 година, решение У.бр. 161/2005 од 9 ноември 2005 година, решение У. Бр. 89/2007 од 4 јули 2007 година и решение У.бр. 152/2009 од 12 октомври 2009 година, со кои не повел постапка за оценување на уставноста на одредбите од Законот за пензиското и инвалидското осигурување кои го уредуваат различниот третман на мажите и жените за прашања поврзани со остварување на правото на пензија. Суштествено, се наведува дека судот изразил став дека разликата во полот, како фактичка разлика, не мора секогаш правно да се асптрахира за да се постигне посакуваната еднаквост пред законот.

Крајно министерството со оглед на сето смета дека разликите во правата што произлегуваат од тоа дали осигуреникот е маж или жена, не го нарушуваат принципот на еднаквост на граѓаните, ниту содржат дискриминаторски однос кон осигурениците од машкиот пол, туку претставуваат праведно решение поради понеповолната положба на жената во однос на мажот која произлегува од нејзината посебна положба во остварување на улогата на мајка како и многу други фактори.

Земено предвид сето погоренаведено, особено врз основа на наводите во претставката и произнесувањето по истата, се утврди дека во конкретниот случај не е сторена директна дискриминација кон лицето --- од --- од страна на --- врз основа на пол во областа на социјалната сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална

заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, а во смисла на член 8, став 1 од во кој е уредено дека "*Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа."* Во корелација со наведеното не се утврди постоење на индиректна дискриминација кон осигурениците мажи која би произлегла од одредбите на Закон за пензиското и инвалидско осигурување врз основа на пол во областа на работата и работните односи и социјалната сигурност, вклучувајќи го и подрачјето на социјална заштита, пензиско и инвалидско осигурување, здравствено осигурување и здравствена заштита, а поради различните проценти за пресметка на пензија помеѓу мажите и жените. Ова во смисла на член 8, став 2 од истиот закон според кој "*Индиректна дискриминација постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни."*

Имено според **член 8, став 1** од Уставот на државата, едни од темелните вредности на уставниот поредок на државата се – "*хуманизмот, социјалната правда и солидарноста.*"

**Член 9** од Уставот уредува дека "*граѓаните на државата се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните се еднакви пред Уставот и законите.*"

Според **член 35** од Уставот, "*републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност*, додека пак во член 42 е уредено дека *републиката посебно ги заштитува мајчинството, децата и малолетните лица.*"

Во **член 7** од Законот за пензиското и инвалидското осигурување се уредува дека "*средствата потребни за остварување на правата од пензиското и инвалидското осигурување ги обезбедуваат осигурениците и работодавачите преку плаќање на придонесот за пензиско и инвалидско осигурување согласно со закон.*" Во **член 20** од овој закон утврдено е дека "*за определување на пензиска основа, покрај месечниот просек на плати се зема и надоместокот на плати, односно паричниот надоместок во случај на невработеност.*" **Член 25, став 1** од законот уредува дека "*за времето на привремена спреченост од работа поради болест и повреда, односно за време на отсуство од работа поради бременост, раѓање и мајчинство, за утврдување на пензиската основа се зема надоместокот на плата.*" **Член 34** од законот уредува дека "*старосната пензија за осигурениците од член 118 од овој закон се утврдува од пензиската основа во проценти определени зависно од должината на пензискиот стаж која за секоја година пензиски стаж изнесува 1% (маж), односно 1,14% (жена) од пензиската основа, а за пензиски стаж пократок од една година, а најмалку шест месеци изнесува 0,5 % (маж), односно 0,57% (жена) од пензиската основа.*"

Во **член 7** од Законот за спречување и заштита од дискриминација пак, законодавецот ги утврдил мерките и дејствијата кои не претставуваат дискриминација, па така **во став 1 од овој член** се предвидува дека "*нема да се сметаат за дискриминација мерките и дејствата што се преземаат со единствена цел да се отстрани нееднаквото уживање на човековите права и слободи сѐ додека не се постигне фактичка еднаквост на лице или група, ако разликувањето е оправдано и објективно, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно соодветни и неопходни.*" Правната теорија овие мерки ги препознава и како афирмативни мерки утврдени со законот чија цел е елиминација или намалување на фактичките нееднаквости препознаени во различни сегменти на општественото живеење, па преку нив е потребно да се обезбедат еднакви можности за сите граѓани што пак треба да доведе до намалување, или крајно до целнсно надминување на постоечката фактичка нееднаквост што резултира со нееднакво уживање на одредени човекови слободи и права.

Во контекст на сето наведено претходно, а особено во смисла на правното прашање на кое се однесува предметната претставка за заштита од дискриминација, потребно е да се земе предвид специфичната положба на жената, како од аспект на работничка, така и од биолошки аспект кој се однесува на нејзината билошка предодреденост за состојбите на бременост, раѓање и мајчинство, како и потребата за нејзино ангажирање и вклучување во негата на децата и на стрите и изнемоштени лица во семејството. Сето ова резултира со постоење на фактичка нееднаквост помеѓу жената и мажот како во достапноста на работните места така и во остварувањето на правата кои произлегуваат од работниот односи, како и правата кои се однесуваат на пензиското и инвалидското осигурување. Крајно, токму со цел надминување на ваквата нееднаквост, а почитувајќи го принципот на социјалната праведност и интенцијата за водење на хумана политика, државата ги уредила на постоечкиот начин условите и начините за стекнување на одредени права меѓу кои и правото на старосна пензија за чија пресметка на износот се предвидени различни проценти помеѓу мажите и жените.

Како резултат на сето погоре, особено во смисла на член 7, став 1 од Закон за спречување и заштита од дискриминација, се одлучи како во диспозитивот на ова мислење.

Скопје,
14.01.2026 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ

<u>Доставено до:</u>

- 
- 
- 
- Архива на КСЗД